## Дневни билтени

**2015**

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

**2016**

**2017**

**2018**

**2019**

**2020**

## Извадок на дел од дневни настани 27.04.2019

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Л.С.(30) од Косово и С.С.(23) од Р.Албанија поради постоење основи на сомнение за сторени четири кривични дела „измама''.Во мај 2017 година пријавените со лажно прикажување на факти довеле во заблуда четири лица од тетовското подрачје, на кои им се претставувале како лица на кои им се потребни парични средства за лекување, посредување за добивање на работни виза или продажба на возила.Од лицата тие одземале пари и не им ги враќале. На овој начин пријавените се стекнале со противправна имотна корист во износ од околу 984.000 денари.

На 26.04.2019 година во 13,30 часот, од страна на патролен тим од Полициската станица за Гранична контрола и граничен надзор Стар Дојран, во реонот на с.Николиќ, на ГК 26/1, поради нелегално преминување на државната граница од Република Грција во Република

Северна Македонија, приведен е албанскиот државјанин А. Х. (26). По извршениот разговор со лицето и извршените проверки во оперативните евиденции во 15,30 часот бил предаден на инспектор во Гевгелија за понатамошна постапка.

На 26.04.2019 година во 09,00 часот во Полициската станица –Граничен премин -Долно Блаце на влез во Република Северна Македонија во Оперативна евиденција , евидирал Д. Л. (47) од Република Албанија. Лицето е приведено и предадено на ЦИ Блаце за понатамошна постапка.

На 26.04.2019 година во 13,35 часот на регионалниот пат с.Пршовце - с.Јегуновце-Тетово, пред сепарацијата за бетон , се случила сообраќајна незгода во која патничко моторно возило „Сеат Леон" со тетовски регистарски ознаки, управувано од Ќ. Н. (33) од с.Копанце-Тетово, излетало од патот. Во незгодата со тешки телесни повреди се здобила сопатничката Ф.О., додека Ќ.Н. и сопатничката А.О. се здобиле со телесни повреди и по укажаната лекарска помош во КЦ-Тетово се пуштени на домашно лекување. Увид извршила екипа од ПС за БПС-Тетово.

На 26.04.2019 година околу 17,00 часот на локалниот пат за с.Пласница- Македонски Брод кај м.в.„Курикамења" се случила сообраќајна незгода во која возач во возило со засега непознати регистарски ознаки удрил во С.Џ. (12), која управувала велосипед, и го напуштил местото на настанот. На С.Џ. и е укажана помош во Медицински центар Кичево,а потоа и во Медицински центар Битола, каде и се констатирани тешки телесни повреди. Увид на лице место извршила екипа Полициската станица Македонски Брод и се работи на расчистување на случајот.

На 26.04.2019 година околу 21,10 часот во Скопје, на клучка „Аеродром-Скопје" се случила сообраќајна незгода во која учествувале патничко моторно возило „Фолксваген Голф" со скопски регистарски ознаки управувано од А. Д. (25) од Скопје и патничко моторно возило „Цитроен Берлинго" со кумановски регистарски ознаки управувано од З. С. (58) од Куманово.
Во незгодата возачот од возилото „Фолксваген Голф" , А.Д. и совозачот Т.М. (26) - се здобиле со тешки телесни повреди констатирани во Градска општа болница Скопје. Увид на лице место извршила екипа од СВР Скопје.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против С.Т.(42) од Куманово, Ф.К.(25) и З.К.(59), сите од Куманово, поради постоење основи на сомнение за сторено по едно кривично дело „фалсификување исправа". На почеток на 2015 година, пријавените изготвиле фалсификуван „купопродажен договор" на бугарски јазик за мотоцикл „Suzuki Intruder", по што на 30.06.2015 година второпријавениот извршил заверка на ваквиот фалсификуван договор заедно со превод на македонски јазик од овластен судски преведувач. По ова, првопријавениот договорот го употребил како вистински во постапката за царинење пред Царинската управа во Куманово и постапката за идентификација на мотоциклот пред Министерството за економија, односно Бирото за метрологија, по што документите биле употребени и во прилог на барањето за единечно одобрување на возило доставено до АМ Церт ДООЕЛ Скопје.На 07.07.2015 година првопријавениот, ваквата документација со невистинита содржина ја доставил како доказ во прилог на барањето за регистрација, по што врз основа на истата била извршена регистрација на мотоциклот. По ова, на 29.02.2016 година првопријавениот склучил фиктивен договор за негова купопродажба на третопријавениот, по што, откако го завериле кај нотар, бил употребен во постапката за регистрација и пренос на сопственоста.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Гостивар поднесе кривична пријава против Б.С.(64) од Гостивар поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „ширење на расистички и ксенофобичен материјал по пат на компјутерски систем". На 15.03.2019 година на социјалната мрежа „Facebook", пријавениот од неговиот кориснички профил објавил порака со која повикувал на насилство.

На 26.04.2019 година во 16,25 часот од Градска општа болница „Наум Охридски" била примена пријава за донесено лице со повреда од оружје, за кое подоцна е утврдено дека се работи за В.И. (21) од Скопје. Повредениот бил донесен во Градска општа болница од страна на Е. М. (22) од Скопје, според чие кажување додека седел во угостителски објект на ул.„Цветан Димов" во Скопје слушнал пукање, а потоа му пришол В.И., со кого се познавал од претходно и му се пожалил на болка во ногата и видел дека крвари, по што го пренел во болница. Од страна на полициски службеници било разговарано и со В.И. и се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 26.04.2019 во 11,45 часот на ГП-Долно Блаце на влез во Р.С.Македонија при контрола на патничко моторно возило „Мерцедес 200D" со албански национални ознаки, сопственост и управувано од албанскиот државјанин С. Ѓ. (57), било забележано дека е делувано на ВИН бројот, со што истиот отстапува од оригиналот. Поради сомнение дека С.Ѓ. извршил фалсификување на ВИН бројот, возилото и лицето во 13,10 часот се предадени на инспектори од ОИДМД Чаир, за понатамошна постапка.

На 25.04.2019 во времето од 16,00 до 19,30 часот во с.Лисичани- Кичево, од страна на инспектори од Надворешната канцеларија за криминалистички работи -Кичево и униформирани полициски службеници од Полициската станица Кичево по наредба на Основен суд Кичево извршен бил претрес во домот на Б. Д. (40) од с.Лисичани, при што пронајдени и одземени се марихуана, 16 саксии со растение канабис, девет пластични шишиња со непозната течност, како и други предмети. На 26.04.2019 година по дадени насоки од Јавен обвинител од Гостивар, Б.Д. со кривична пријава за кривично дело „Неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори" по чл.255 ст.1 од КЗ на РСМ е предаден во ОЈО-Гостивар.

На 27.04.2019 во 04 часот, во пекара лоцирана на улицата „7 ноември" во Охрид, нарушен е јавниот ред и мир со физичка пресметка меѓу Ф.Р.(27) и Д.Б.(42), од Охрид, од една, и Б.М. (40) од селото Ботун и С.Д.(41) од друга страна. Лицата се приведени и против нив ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 27.04.2019 година во 01.20 часот Б.С (38) од Битола, вработен како обезбедување во ноќен клуб, пријавил дека околу 01,00 ч. по претходно недоразбирање од страна на непознато лице бил физички нападнат и удрен со предмет во десната нога од страна на К. С (21) од Битола. По документирање на случајот ќе бидат поднесени соодветни поднесоци.

На 26.04.2019 во 16.30 часот телефонски во Полициската станица Македонски Брод пријавено е дека околу 16. 20 часот во близина на месноста викана „Питран" атар на с. Дворци-општина Пласница нарушен е јавниот ред и мир со физичка пресметка од М.С (51) од с.Пласница и неговите синови М.С и А.С од една страна , а од другата страна лицата Н.Н. и неговите синови Е.Н. и Н.Н., сите од с.Пласница. По расчистување на случајот, ќе бидат поднесени соодветни поднесоци.

На 26.04.2019 во 23,30 часот телефонски било пријавено дека во с.Пласница- пред угостителски објект сопственост на М.С од с.Пласница дошло до нарушување на јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу лицата Н.Н и неговиот син Е.Н (30) од с.Пласница од една страна и лицата М.С(51) од с.Пласница и неговите синови М.С(23) и А.С(19)од с.Пласница од друга страна. Во пресметката биле употребени и различни предмети. По расчистување на случајот ќе бидат поднесени соодветни поднесоци.

На 27.04.2019 година во 04,40 часот во Полициската станица од Општа надлежност -Битола А.Ц(22) од Битола, пријавил дека на 27.04.2019 год. околу 00,20 ч. пред градската пошта во Битола бил физички нападнат од неколку лица. Се работи на расчистување на случајот.

На 27.04.2019 година во с.Стајковци-Скопје во гаража сопственост на М.С. (39) настанал пожар, кој зафатил и гаража сопственост на С. С. (57), во кои имало патничко моторно возило „Форд мондео", камп приколка и разновиден алат. Повредени лица нема. Извршен е увид.

На 26.04.2019 година во 22,20 часот било пријавено дека во Скопје на бул. .„Партизански одреди" во казино три лица извршиле разбојништво и ги одзеле парите од дневниот промет.Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

МИНИСТЕРСТВО

» Министер (/profilepage/minister)

» Заменик министер (/profilepage/zamenik-minister)

» Државен секретар (/profilepage/drzhaven-sekretar)

» Биро за јавна безбедност (/page/biro-za-javna-bezbednost)

АНАЛИЗИ И СТАТИСТИКИ

» Сообраќај (/analizistatistiki/soobrakjaj)

» Јавен ред и мир (/analizistatistiki/javen-red-i-mir)

» Гранични работи (/granichni-premini)

» Криминалитет (/analizistatistiki/kriminal)

ИНСТИТУЦИИ

» Влада

инте
» Претседател

» Собрание

» Јавно обвинителство (http://www.jorm.org.mk/)

» Центар за обука (/profilepage/pomoshnik-minister-co)

ОСТАНАТИ ЛИНКОВИ

» Фото галерија (/foto-galerii)

» Видео галерија (https://www.youtube.com/user/MV

» Закажување со лични документи (/kontakt-centar)

» Адреси и контакт телефони (/Upload/Documents/Adresi-i-kontakt-telefoni.pdf)

» Архива (http://www.mvr.gov.mk/DesktopDe tabindex=0&tabid=127)

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет

(https://www.facebook.com/makedonskapolicija/) (https://www.youtube.com/user/MVRMacedonia1231)